Врз основа на член 5, 20 и 76 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на Р. Македонија бр. 31/98 од 02.07.1998 година) и Законот за изменување и дополнување на законот за здруженијата на граѓани и фондации (Службен Весник на Р. Македонија бр.29 од 09.03.2007 година), Националното Собрание на „Македонскиот одбор за меѓународна размена на студенти од техничките факултети“ на седницата одржана на ден **19.12.2009** година го донесе следниот:

# С Т А Т У Т

## на Здружението на граѓани

## „Македонски одбор за меѓународна размена на студенти од техничките факултети“ („ИАЕСТЕ Македонија“)

### (Пречистен текст)

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со овој Статут во согласност со Законот се уредуваат особено:

- назив и седиште на здружението на граѓани;
- целите и задачите на здружението на граѓани, како и начинот на нивно остварување;
- внатрешна организација на здружението на граѓани;
- услови и начин на зачленување во здружението на граѓани, права и обврски на членовите;
- престанок на членство во здружението на граѓани;
- органи на здружението на граѓани, начин на нивен избор и отповикување;
- траење на мандатот на органите;
- застапување и претставување на здружението на граѓани;
- начин на известување на јавноста за работа на здружението на граѓани;
- определување услови за основање ограноци;
- начин на донесување на Статут, негови измени и дополненија;
- стекнување и располагање со имотот;
- начин на донесување одлука за престанок на здружението на граѓани;
- начин на располагање со имотот во случај на престанок на здружението на граѓани.

## ИМЕ И СЕДИШТЕ

### Член 1

„Македонски одбор за меѓународна размена на студенти од техничките факултети“ е здружение на граѓани и има својство на граѓанско правно лице.

Полниот назив на здружението на граѓани е „Македонски одбор за меѓународна размена на студенти од техничките факултети“, а со истото значење може да се користат и кратенките:

- „ИАЕСТЕ Македонија“ која доаѓа од меѓународниот назив: International Association for the Exchange of Students for Technical Experience, и
- МОМРСТФ.

### Член 2

Седиштето на ИАЕСТЕ Македонија е на **Машински факултет, ул. "Орце Николов" б.б. во Скопје**.

### Член 3

ИАЕСТЕ Македонија има свој штембил и тркалезен печат: Штембилот е во правоаголна форма со следниот текст:

**„Македонски Одбор**
**IAESTE**
**Бр____________**
**________20__ год.**
**СКОПЈЕ“**

Печатот е со тркалезен облик со пречник од околу три сантиметри. По внатрешната страна полукружно е испишано: „Македонски Одбор за меѓународна размена на студенти од технички факултети“, а во средината се наоѓа логото на организацијата кое е дадено во прилог.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

### Член 4

Основни цели на ИАЕСТЕ Македонија се:

- да врши меѓународна размена на студенти од факултетите опфатени со ИАЕСТЕ програмата со цел да им се овозможи да се здобијат со техничко искуство надвор од земјата од области блиски до нивните студии;

- да го развива меѓународното разбирање и добрата волја помеѓу студентите од сите нации.

Целите се остваруваат преку соработка со Интернационалното ИАЕСТЕ и со неговите членки од други земји, како и со претпријатија и институции од Р. Македонија.

## ЧЛЕНСТВО

### Член 5

Членови на ИАЕСТЕ Македонија се членови на:

- Локален Комитет Скопје (во понатамошниот текст ЛКС),
- Локален Комитет Битола (во понатамошниот текст ЛКБ),
- Локален Комитет Штип (во понатамошниот текст ЛКШ),
- Локален Комитет Охрид (во понатамошниот текст ЛКО),
- Клубот на ИАЕСТЕ Пријатели (во понатамошниот текст КИП)

Членови на ЛКС можат да бидат студенти на Архитектонски, Градежен, Земјоделски, Машински, Природно-математички, Технолошко-металуршки и Шумарски факултет, Факултет за електротехника и информациски технологии, Факултет за Фармација и насоката е-Бизнис од Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Членови на ЛКБ можат да бидат студенти на Технички факултет, факултет за Администрација и Менаџмент на Информациски Системи и факултет за Биотехнички Науки при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Членови на ЛКШ можат да бидат студенти на Земјоделски, Електротехнички, Машински и Технолошко-технички факултет, Факултет за Информатика и Факултет за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Членови на ЛКО можат да бидат студенти на факултетите за Компјутерска Наука и Инженерство; Комуникациски Мрежи и Безбедност; Информациони Системи, Визуелизација, Мултимедија и Анимација; Машинска Интелигенција и Роботика; и Информациона Теорија и Анализа при Универзитетот за Информациони Науки и Технологии – Охрид.

Членови на КИП можат да бидат дипломирани студенти кои обавувале стручна пракса преку програмата за размена на студенти на ИАЕСТЕ Македонија или кои учествувале во работата на интернационалното ИАЕСТЕ (Годишна Конференција, Семинар за развој на ИАЕСТЕ, JUMP, TWIN) или оствариле други форми на соработка со ИАЕСТЕ.

### Член 6

ИАЕСТЕ Македонија има два видови на членство: активно и почесно. Зачленувањето е по принцип на доброволност.

Почесни членови се членовите на КИП, а активни се моменталните членови на Локалните Комитети наведени во член 5.

Активните членови уште се делат на полноправни и неполноправни.

Активен член се здобива со статус на полноправен член доколку присуствувал на повеќе од 50% состаноци во периодите 21.12 – 31.12, 01.02 – 15.05 и 16.09 - 20.12 и ги исполнува дополнителните услови за полноправност според Правилникот за работа на Локалниот Комитет.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

### Член 7

Членовите на ИАЕСТЕ Македонија ги имаат следните права и обврски:

- да ги спроведуваат одлуките на Националниот Одбор;
- општи права на одлучување;
- да ја унапредуваат работата на ИАЕСТЕ Македонија и да се грижат за угледот на истата;
- да учествуваат во организирање на летната рецепција;
- да контактираат со претпријатија и институции за обезбедување на средства за стручна пракса и спонзорства;
- да бидат информирани за материјалното и финансиското работење на ИАЕСТЕ Македонија;
- други права и обврски утврдени со овој статут и со правилниците на Локалните Комитети наведени во член 5 и КИП.

### Член 8

Активните членови дополнително ги имаат следните обврски:

- да обезбедат стручни пракси за странски студенти во претпријатија и институции во Р. Македонија;
- да присуствуваат на состаноците на соодветниот Локален Комитет;
- редовно да плаќаат членарина;
- да ги спроведуваат одлуките на соодветниот Локален Одбор;
- други обврски утврдени со Правилникот за работа на соодветниот Локален Комитет.

Активните членови дополнително ги имаат следните права:

- право да конкурираат за извршување на стручна пракса во странство.

Единствено полноправните членови дополнително ги имаат следните права и обврски:

- да се кандидираат за член во соодветниот Локален Одбор и во Националниот Одбор

- да присуствуваат на седниците на Националното Собрание

**Член 9**

Почесните членови дополнително ги имаат следите обврски:

- да ги спроведуваат одлуките на меѓународниот Клуб на Пријатели на ИАЕСТЕ;

- да присуствуваат на состаноците на КИП;

- да обезбедат стручни пракси за странски студенти во претпријатијата и институциите во Р.Македонија,

- други обврски утврдени со Правилникот на КИП.

## ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО

**Член 10**

Членството во ИАЕСТЕ Македонија престанува по следните основи:

- доброволно напуштање на ИАЕСТЕ Македонија;

- исклучување по одлука на Националното или со одлука на Собранието на огранокот во кој членува соодвениот член.

По изминување на статусот студент на активниот член истиот станува почесен член.

Полноправен статус се губи по следните основи:

- неприсуство на годишната седница на Националното Собрание;

- неприсуство на било кои два вонредно закажани седници на Националното Собрание во тековната година;

- други основи утврдени со Правилникот за работа на соодветниот Локален Комитет.

Со губење на полноправниот статус, активниот член станува неполноправен.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ НА ОДБОРОТ

### Член 11

Националниот Комитет на ИАЕСТЕ Македонија (во понатамошниот текст Национален Комитет) го сочинуваат следните ограноци:

- Локалните комитети наведени во член 5;
- КИП;

Органи на Националниот Комитет се:

- Национално Собрание;
- Национален Управен Одбор на ИАЕСТЕ Македонија (во понатамошниот текст Национален Одбор)

### Член 12

Националното Собрание е највисок орган на ИАЕСТЕ Македонија и претставува Собир на сите полноправни членови на ИАЕСТЕ Македонија. Националното Собрание се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно во третиот викенд од ноември.

Националното Собрание ги има следните надлежности:

- донесува одлуки за измени и дополненија на Статутот, по предлог на Националниот Одбор;
- го избира Националниот Секретар
- расправа и дава предлози за работа на ИАЕСТЕ Македонија;
- усвојува годишен извештај и план за работа;
- одлучува за промена на целта на здружување и внатрешната организација на ИАЕСТЕ Македонија;
- донесува правилник за работа на Националниот Комитет;
- одлучува за основање и укинување на ограноци;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство од присутните членови.

Националното Собрание одлуките ги донесува со апсолутно мнозинство гласови од присутните членови, освен за оние прашање за кои со овој Статут е инаку определено.

### Член 13

Националниот Одбор е управен орган на ИАЕСТЕ Македонија. Тој е составен од 10 (десет) члена и тоа:

- Национален Секретар
- претставник на ЛКС (Претседателот на ЛКС);
- претставник на ЛКБ (Претседателот на ЛКБ);
- претставник на ЛКШ (Претседателот на ЛКШ);

- претставник на ЛКО (Претседателот на ЛКО);

- претставник на КИП (Претседателот на КИП);

- одговорен за финансии;

- одговорен за маркетинг.

- одговорен за странски студенти кои доаѓаат на пракса во Р. Македонија;

- одговорен за македонски студенти кои одат на пракса во странство;

Последните четири члена се бираат од Локалните комитети наведени во член 5, со тоа што секој Локален Комитет треба да биде застапен во Националниот Одбор со број на членови пропорционален на бројот на обезбедени пракси за странски студенти во текот на претходните две години, но не помал од еден член (Претседателот на соодветниот локален комитет).

Највисок орган на Националниот Одбор е Националниот Секретар.

Националниот Секретар воедно е и претседател на Националното Собрание и претседател на Националниот Одбор. Национален Секретар се избира со апсолутно мнозинство на тајно гласање од сите членови на Националното Собрание.

Претставникот на КИП нема право да учествува во одлучувањето за распределбата на стручните пракси.

Доколку вкупниот број на можни гласови е парен, Националниот Секретар учествува со два гласа.

За одлуките во кои учествува претставникот на КИП во Националниот Одбор, доколку вкупниот број на можни гласови е парен, Националниот Секретар учествува со два гласа.

**Член 14**

Во надлежност на Националниот Одбор е следново:

- расправа и дава предлози за работа на ИАЕСТЕ Македонија;

- ја контролира работата на членовите чиј претставник е;

- ги спроведува одлуките и задачите донесени на Националното Собрание;

- предлага измени и дополнувања на Статутот на ИАЕСТЕ Македонија;

- ги свикува и подготвува седниците на Собранието;

- врши распределба на разменетите стручни пракси во согласност со Правилникот за работа на Националниот Комитет;

- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;

- извршува и други работи утврдени со Правилникот за работа на Националниот комитет.

Националниот Одбор за својата работа одговара пред Националното

Собрание.

**Член 15**

Националниот Секретар го застапува здружението на национално и меѓународно ниво и одговара за неговото правилно и законито работење.

Националниот Секретар ги има следните надлежности:

- ја координира работата на Националниот Комитет на ИАЕСТЕ Македонија вклучувајќи и координирање на Локалните Комитети;

- свикува седници на Националното Собрание според член 12 и на Националниот Одбор, предлага дневен ред и претседава со истите;

- одржува контакти со физички и правни лица (државни, образовни, културни, економски и други институции) во земјата и странство;

- има право да овласти трето лице за стручно застапување на интересите на здружението пред судовите, државните органи, организации и трети лица;

- помага во развивање на Локалните Комитети;

- врши други работи утврдени со Правилникот за работа на Националниот Комитет. Националниот Секретар за своето работење одговара пред Националниот Одбор и пред Националното Собрание.

Националниот секретар учествува на Генералната Конференција или назначува полноправен член, дел од делегацијата избрана од Националното Собрание кој ќе го заменува како Делегат на Годишната Конференција.

**Член 16**

Мандатот на членовите на Националниот Одбор е 1 (една) година. Членовите се должни да поднесат годишен извештај од работата.

За членовите од Националниот Одбор од нивното избирање до крајот на нивниот мандат не е дозволено изведување на пракса подолга од три месеци.

Ако за време на мандатот на член на Националниот Одбор му престане членството во огранокот кој го претставува, соодветниот огранок делегира нов претставник.

**Член 17**

Органи на Локален Комитет (во понатамошниот текст ЛК) се:

- Локално Собрание

- Локален Извршен Одбор на Локален Комитет (во понатамошниот текст Локален Одбор).

Локалното Собрание го сочинуваат сите негови полноправни членови и тоа е надлежно да:

- одлучува за работата на ЛК;
- ја разгледува и оценува работата на ЛК,
- одлучува за измени и дополненија на Правилникот за работа на ЛК,
- ги донесува финансискиот план и изврошна сметка на ЛК;
- избира Локален Одбор, како свој извршен орган;

Локалното Собрание ги донесува одлуките со апсолутно мнозинство на гласови од присутните членови.

**Член 18**

Локалниот Одбор го сочинуваат 5 (пет) полноправни членови од Локалниот Комитет:

- Претседател на ЛК;
- Заменик Претседател и одговорен за финансии на ЛК;
- Одговорен за маркетинг на ЛК;
- Одговорен за странски студенти кои доаѓаат на пракса во Р. Македонија, а се во надлежност на соодветниот ЛК;
- Одговорен за македонски студенти кои одат на пракса во странство, а се во надлежност на соодветниот ЛК;

Нив ги избира соодветното Локално Собрание со апсолутно мнозинство на гласови од присутните членови со непосредно тајно гласање.

**Член 19**

Претседател на КИП може да биде било кој член на КИП.

Него го избира членството на КИП со апсолутно мнозинство гласови од присутните членови, со непосредно тајно гласање.

**Член 20**

Контрола на работата на Локалниот Одбор врши соодветното Локално Собрание.

Мандатот на членовите на секој Локален Одбор е 1 (една) година, со можност за повторен избор.

Во случај на неизвршување на обврските утврдени со Статутот и Правилникот за работа на Националниот Комитет од страна на членовите на Локалниот Одбор, следи нивно отповикување од соодветното Локално Собрание. Отповикувањето се врши со тајно гласање, а е потребно апсолутно мнозинство од присутните членови на Локалното Собрание. Ако отповикан член

на Локалниот Одбор е член и на Националниот Одбор, неговата функција во Националниот Одбор исто така престанува.

Новоизбраните членови на Локалниот Одбор во првите три месеци по изборот работат под надлежност на членовите од Локалниот Одбор кои пред нивниот избор ја извршувале соодветната функција.

Мандатот на новоизбраните членови започнува 3 (три) месеци по нивниот избор. Потоа работат една година самостојно, при што во последните три месеци од годината работат како надгледувачи и советодавачи на новоизбраните членови од Локалниот Одбор на истата функција.

За членовите од Локалниот Одбор од нивното избирање до крајот на нивниот мандат не е дозволено изведување на пракса подолга од три месеци.

## ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИАЕСТЕ МАКЕДОНИЈА

### Член 21

Националниот Секретар го застапува и претставува ИАЕСТЕ Македонија пред трети лица.

### Член 22

Националниот Секретар може да овласти и друг член на Националниот Одбор да го застапува пред трети лица.

### Член 23

За застапување на ИАЕСТЕ Македонија на меѓународни собири предност имаат активните членови, освен за собирите битни за работа на КИП.

### Член 24

За непочитување на овластувањата од страна на член на здружението, следуваат санкции кои за секој конкретен случај ги утврдува Националниот Одбор, а ги усвојува Националното Собрание.

## НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА ИАЕСТЕ МАКЕДОНИЈА

### Член 25

Средствата на ИАЕСТЕ Македонија се негови сопствени средства кои ги води на сопствена сметка и ги стекнува преку:

- членарина на Локалните Комитети;
- членарина на КИП;

- донации од претпријатија и општествени институции;
- други извори.

**Член 26**

Средствата на КИП се негови сопствени средства кои ги води на сопствена сметка и ги стекнува преку:

- членарина од членовите на КИП,
- донации од претпријатија и општествени институции,
- други извори.

**Член 27**

Средствата на Локалните Комитети се нивни сопствени средства кои ги води на сопствена сметка и ги стекнува преку:

- членарина од членовите на ЛК,
- донации од претпријатија и општествени институции,
- други извори.

Секој Локален Комитет располага со сопствените средства.

**Член 28**

Со средствата на ИАЕСТЕ Македонија ракува Националниот Секретар или од него овластено лице - член на Националниот Одбор.

Со средствата на КИП ракува Претседателот на КИП или од него овластено лице - член на КИП.

Со средствата на ЛК ракува Претседателот на ЛК и Заменикот Претседател - одоворен за финансии.

**Член 29**

Користење на средствата се врши според финансискиот план за тековната година и Правилникот за работа.

**Член 30**

За својата работа одговорниот сноси морална и материјална одговорност пред соодветниот Одбор и соодветното Собрание.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА

**Член 31**

ИАЕСТЕ Македонија има право и должност за својата работа да издава

годишен извештај и други списанија и да ги користи средствата за јавно информирање во зависност од финансиските можности.

## НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА СТАТУТОТ

### Член 32

Измени и дополненија на Статутот ги донесува Националното Собрание со апсолутно мнозинство од присутните членови по предлог на Националниот Одбор.

## ПРЕСТАНОК НА ОДБОРОТ

### Член 33

Престанување на постоењето на ИАЕСТЕ Македонија може да биде со:

- доброволно престанување со работа по одлука на Националното Собрание;
- ако Уставниот суд на Р. Македонија донесе одлука дека Статутот и Планот за работа не се во согласност со Уставот.

### Член 34

Во случај на престанок на работа, по подмирување на финансиските и други обврски, останатите средства се донираат на некоја хуманитарна организација во Република Македонија.

## ОПШТИ И ПОСЕБНИ НОРМАТИВНИ АКТИ НА ИАЕСТЕ МАКЕДОНИЈА

### Член 35

Внатрешните односи на членството на ИАЕСТЕ Македонија се уредуваат со Статутот, Правилниците за работа и другите општи Акти на одборот.

### Член 36

Статутот на здружението е основен конститутивен акт. Сите други општи акти мора да бидат во согласност со Статутот. Одредбите од другите општи акти кои не се во согласност со Статутот не може да се применуваат.

### Член 37

Секое Локално Собрание донесува Правилник за работа на ЛК со кој подетално се одредува начинот на работа на соодветниот Локален Комитет.

**Член 38**

Членството на КИП, донесува Правилник за работа на КИП со кој подетално се одредува начинот на работа на КИП.

**Член 39**

Донесувањето на Правилникот за работа се врши со апсолутно мнозинство од членовите на соодветното Собрание.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 40**

Овој Статут стапува во сила од денот на неговото донесување.

**Член 41**

Општите акти на здружението утврдени со овој Статут ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на неговото стапување во сила.

Скопје, 19.12.2009 год.

Национален Секретар на ИАЕСТЕ Македонија,

Александра Христов

**ПОТПИС**

**ПЕЧАТ**